| | |
|---|---|
| Назив на процедурата: | **Спреченост за креирање Е- упат** |
| ЗУ во кои се применува: | **Примарно, секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита** |

## I. Краток опис на процедурата

Оваа процедура се применува во случај кога во установата нема можност да се креира Е-упат. Се постапува според следните чекори:

1. Од страна на лекарот или назначено лице во установата (оператор) се издава упат кој рачно се пополнува (во образецот за упат).
2. Лекарот или назначено лице во установата (оператор) се јавува на телефонскиот број на техничка поддршка на системот Мој Термин (15 444) и ги соопштува потребните податоци опишани во деталниот опис на оваа процедура.
3. Техничкото лице го известува лекарот или назначеното лице во установата (оператор) за сите податоци кои се генерираат при електронското закажување.
4. Добиените податоци, со читлив ракопис лекарот или операторот од установата ги внесува во образецот кој потоа му го дава на пациентот.

## II. Детален опис на процедурата

### 1. Причини за спреченост за креирање Е-упат

Причините за спреченост за креирање Е-упат може да бидат следни:

- Прекин во електричната мрежа
- Прекин на интернет конекција
- Хардверски проблем кој не може брзо да се отстрани

Причината за спреченост за креирање Е-упат се забележува во во долниот дел на образецот (со заокружување).

### 2. Пополнување на образецот за упат

Лекарот или назначено лице во установата (оператор) е дожен да го пополни со читлив ракопис образецот на упат, со податоци кои ќе ги добие повратно при јавување на телефонскиот број на техничка поддршка на системот Мој Термин (15 444).

При јавувањето на техничкото лице му ги соопштува следните податоци:

- Податоци за лекарот кој е оневозможен да креира Е-упат и тоа:
    - Назив на ЗУ
    - Име и презиме и
    - Број на факсимил
- Податоци за закажување на преглед и пополнување на Е – упат и тоа:
    - ЕМБГ или ЕЗБО на пациентот
    - Специјалност/субспецијалност кон која се упатува или апарат
    - Општина во која се упатува
    - Други детали за установа, лекар или апарат кон кој се упатува
    - Упатна дијагноза по МКБ10
    - Наоди од извршените прегледи, дијагностички и терапевтски постапки
    - Телефонски број на пациентот

Техничкото лице го креира Е-упатот и го закажува прегледот во системот Мој Термин, врз основа на претходно соопштените податоци. Потоа го известува лекарот или назначеното лице во установата (оператор) за сите податоци кои се генерираат при електронското закажување. Добиените податоци, со читлив ракопис лекарот или операторот од установата ги внесува во образецот. Во образецот се наведува и причината за спреченост за креирање Е-упат како и точното време (час и датум) на креирањето на упатот. Пополнетиот упат му се дава на пациентот.